**20101543178**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став 4 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 7 септември 2010 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата („Службен весник на Република Македонија“, 30/2006, 22/2009, 58/209, 140/2009 и 44/2010) во членот 5 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок од став 2 на овој член избраниот лекар може да утврди привремена спреченост за работа ретроактивно и во случај кога осигуреното лице направи посета кај избраниот лекар наредниот работен ден од денот на настанувањето на спреченоста за работа.“

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-12631/6
7 септември 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска**, с.р.